Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 09 - 112/1
16.02. 2024 год.
ГРАДСКО

Архивски знак 0903
Рок на чување 4Г
16.02 2024 година
Потпис

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр.10/2020) службеникот за млади од Општина Градско Мери Седмакова Димовска како овластен службеник за млади го изготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализирани активности на општина Градско**
**од делокругот на млади за 2023 година**

Во текот на 2023 година согласно своите надлежности и можности општина Градско има превземено конкретни активности и реализирано проекти кои се однесуваат на делокругот на младите и тоа:

Изготвен е и објавен Извештај за реализирани активности на општина Градско во делокругот на млади за 2022 година.

Доставени се одговори на барања за пристап до информации од јавен карактер кои се однесуваат на младите.

Одржување на „Фолклоријада Градско“ каде активно учествуваат младите како од општината така и од други општини од нашата држава и странство.

Доделени се стипендии за најдобар основец, средношколец и студент.

Одржан е натпревар во кошарка (3x3) на кој учествуваа повеќе екипи.

Општина Градско продолжува да работи на поттикнување на младите активно да се занимаваат со спорт инвестирајќи и подобрувајќи ги условите со поставување на тартан подлога во ПОУ „Даме Груев“ во с.Виничани и во ПОУ „Даме Груев“ во с.Водоврати.

За најмладите обновени се детски реквизити на повеќе локации во општина Градско.

Во месец декември изработена е Програма за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2024 година и истата е усвоена од страна на Советот на општината.

Изготвил,
овластен Службеник за млади
Мери Седмакова Димовска

Општина Градско
Градоначалник
Киро Нацков